Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 04-200/19
27.6. 2025 год.-vit
Скопје-Shkup

Врз основа на член 44 и член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 4/19 и 23/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) а во врска со објавениот оглас за вработување во Државниот испитен центар бр.232/2025 и предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.10-871/9 од 27.05.2025 година директорот ја донесе следната

# ОДЛУКА

***за избор на 1 извршител-кандидат за административен службеник за работно место Советник за македонски јазик и литература***

1. За извршител на работното место **Советник за македонски јазик и литература** во Одделение за испити и оценувања при Сектор за испити, ИТ и Истражувања во Државниот испитен центар, со шифра УПР 01 01 В01 000, *СЕ ИЗБИРА* кандидатот ***Катерина Јакимовска.***

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точката 1, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Истовремено истиот/та ќе склучува и договор за вработување, при што истиот е должен да достави доказ за исполнување на условите за вршење на работата.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на објавениот јавен оглас број 232/2025 од 10.05.2025 година во дневните весници „Слободен печат", „ Вечер " и „ Коха " за пополнување на работно место Советник за македонски јазик и литература во Одделение за испити и оценувања при Сектор за испити, ИТ и Истражувања во Државниот испитен центар со шифра УПР 01 01 В01 000, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на ова одлука, на ден 27.05.2025 година, спроведе административна селекција и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-871/6.

На ден 18.06.2025 година се спроведе испит за пријавените кандидати и состави Записник број 10-871/7, и на ден 26.06.2025 година спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за наведеното место и состави Записник од спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервју бр.10-871/8.

По спроведената постапка на проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто, за наведеното работно место како и извршеното бодување, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување бр.10-871/9 од 27.05.2025 година, на работното место Советник за македонски јазик и литература во Одделение за испити и оценувања при Сектор за испити, ИТ и Истражувања во Државниот испитен центар.

Врз основа на тоа, се изврши избор како во диспозитивот на ова одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на истата на веб страната на Агенцијата за администрација.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
ДИРЕКТОР

м-р Даниела Јовчевска -Михајловска

Доставено до:

- Гореименуваната;
- Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи;
- Архивата и
- Агенцијата за администрација

Изготвил: Yllzana Ibraimi